Врз основа на член 13 став 3, член 18 став 1 алинеја 2, член 82 став 1 алинеи 2 и 5 и член 83 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РМ“, бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на РСМ“ бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24, 193/24 и 247/25), а во врска со член 62 став 6 од истиот закон, член 21 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (Пречистен текст) арх.бр.01-3953/1 од 31.10.2023 г., член 51 став 1 и став 3 и член 52 став 2 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија”, бр.124/15), член 28 од Законот за управни спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр.96/19), постапувајќи по Предлогот Уп1 бр.08-20 од 20.1.2026 г. за покренување постапка за одземање и Предлогот Уп1 бр.08-43 од 2.2.2026 г. за донесување одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, а согласно Заклучокот, арх.бр.02-418/5 од 3.2.2026 г., Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 5. седница одржана на 3.2.2026 г. донесе

**ОДЛУКА**
**за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп**

1. СЕ ОДЗЕМА дозволата за телевизиско емитување, Уп1 бр.08-141 од 18.03.2019 г. на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, затоа што по издавањето на дозволата настанале околности што претставуваат законски пречки за имателот на дозволата да ја врши дејноста, односно поради тоа што радиодифузерот не ги исполнил минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување и поради тоа што имателот на дозволата престанал со емитување на програмскиот сервис повеќе од 30 дена поради технички, финансиски или други причини.

2. Одлуката се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија”, на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и во два дневни весници, од кој едниот дневен весник е на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија.

3. Оваа Одлука е конечна.

**О б р а з л о ж е н и е**

Радиодифузното трговско друштво (РТД) ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, е имател на дозвола за телевизиско емитување, Уп1 бр.08-141 од 18.03.2019 г., за емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа која не користи ограничен ресурс, на државно ниво, на територија на Република Северна Македонија, телевизиски програмски сервис од општ формат во кој застапените видови програми ги остваруваат сите три медиумски функции, на македонски јазик.

Согласно член 62 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ) за обезбедување на телевизиско емитување покрај условите и

обврските пропишани во овој закон, радиодифузерот треба да исполнува посебни минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови во зависност од програмскиот формат, пропишани со подзаконски акт донесен од страна на Агенцијата.

Членот 21 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување, пропишува дека имателот на дозволата за телевизиско емитување на програмски сервис од општ формат е должен во редовен работен однос, да има најмалку 20 (дваесет) лица кои учествуваат во создавањето на програмата, ако има дозвола за емитување програма на државно ниво, преку јавна електронска комуникациска мрежа која не користи ограничен ресурс или преку сателит, како и дека одговорниот уредник на програмскиот сервис и од општ и од специјализиран формат треба да биде во редовен работен однос.

Согласно член 27 став 1 од ЗАВМУ, Агенцијата врши административен надзор, кој се врши на работењето на издавачите на медиуми од аспект на усогласеноста на нивното работење со условите утврдени со Законот за медиуми, Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и прописите донесени врз основа на него (член 29 став 1 од ЗАВМУ).

Во член 27 став 4 од ЗАВМУ, пропишано е дека Агенцијата врши вонреден надзор, врз основа на иницијатива поднесена од државни органи, правни или физички лица, како и во случај на сомневање по службена должност на Агенцијата.

На 1.12.2025 г., до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата) доставено е Известување (наш арх.бр.08-5192/1) дека радиодифузерот се наоѓал пред отворање на стечајна постапка и дека од 01.12.2025 година, ниту еден вработен немал валиден договор за работа.

Потоа, на 4.12.2025 г., до Агенцијата доставена е Одлука на сопственикот на РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, за престанок на друштвото по пат на стечај бр.0101/177/1 од 18.11.2025 г. (наш арх.бр.08-5192/2 од 4.12.2025 г.).

Агенцијата при редовна проверка на податоците објавени на интернет дистрибутивниот систем на Централниот регистар на Република Северна Македонија (ЦРРСМ) констатираше дека на 4.12.2025 г., на веб страната на ЦРРСМ објавено е решение Ст.бр.125/25 од 02.12.2025 г. на Основен суд Прилеп за поведување на претходна постапка за утврдување на причините за отворање на стечајна постапка спрема должникот РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп.

Исто така, при редовна проверка на објавите во „Службен весник на Република Северна Македонија", Агенцијата констатираше дека цитираното решение на Основниот суд во Прилеп е објавено во Службен весник на РСМ бр.250 од 12.12.2025 г.

I. Во насока на преземање понатамошни дејствија од аспект на одредбите од ЗАВМУ, а со цел да провери дали РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп во согласност со член 62 став 6 од ЗАВМУ ги исполнува и минималните кадровски услови утврдени во напред цитираниот правилник, на 10.12.2025 г., Агенцијата со Барање арх.бр.03-5318/1 побара од Агенцијата за вработување на РС Македонија (АВРСМ) да и достави податоци за бројот на вработени во РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп.

На 17.12.2025 година, АВРСМ ја извести Агенцијата дека согласно евиденцијата на АВРСМ на регистрирани невработени лица и пријави/одјави во/од задолжително социјално осигурување, за правното лице РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, бројот на вработени на 11.12.2025 г. изнесува 1, а на 30.11.2025 г. изнесува 19.

На 15.1.2026 г., Агенцијата од АВРСМ обезбеди најнови податоци за бројот на вработени во радиодифузерот, според кои, а согласно евиденцијата на регистрирани пријави/одјави во/од задолжително социјално осигурување поднесени

до АВРСМ заклучно со моментот на издавање на потврдата, бројот на вработени во радиодифузерот на 15.12.2025 г. изнесува 1, а на 15.01.2026 г. изнесува 1.

Во врска со известувањето од АВРСМ, Агенцијата преку Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права (ССПЗАП), на 15.01.2026 г. изврши вонреден, административен надзор по службена должност на работењето на РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, при што во Писмениот извештај за извршен административен надзор, наш арх.бр.03-225/1 од 15.01.2026 г. констатираше дека наведениот радиодифузер не ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.

II. Исто така, Секторот за информатичка поддршка и општи работи (СИПОР) во Агенцијата на 24.12.2025 г., до директорот на Агенцијата достави Службена белешка арх.бр.03-5570/1, дека при редовна контрола на системот за снимање и мониторинг на телевизиски и радио сервиси на 23.12.2025 г., како и од добиени сознанија утврдил дека РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, не емитува телевизиска програма, односно дека радиодифузерот престанал со емитување на 10.12.2025 г. во 12:00 часот. Во Службената белешка, наведено е дека СИПОР ќе изврши мониторинг, со цел да утврди дали имателот на дозволата престанал со емитување на програмскиот сервис повеќе од 30 дена поради технички, финансиски или други причини.

Мониторингот бил реализиран во периодот од 10.12.2025 г., а заклучно со 15.01.2026 г. При извршениот мониторинг било констатирано дека РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп не работи согласно ЗАВМУ, односно дека повеќе од 30 дена поради технички, финансиски или други причини престанал со емитување на програмскиот сервис.

Согласно наведеното, СИПОР до директорот на Агенцијата достави Писмен извештај за извршен административен надзор (арх.бр.03-254/1 од 20.01.2026 г.) извршен на 16.1.2026 г., вонреден, реализиран по повод Службена белешка арх.бр.03-5570/1 од 24.12.2025 г., при што со надзорот опфатен е периодот од 10.12.2025 г. заклучно со 15.1.2026 г. Во цитираниот Писмен извештај наведено е дека со надзорот било констатирано дека РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп престанал со емитување на програмски сервис повеќе од 30 дена.

III. Во член 23 став 1 алинеја 3 од ЗАВМУ утврдено е дека доколку се констатира непочитување, повреда или прекршување на одредбите од ЗАВМУ и подзаконските акти, донесени врз основа на него, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и другите акти на Агенцијата, против издавач на медиум, Советот на Агенцијата може да преземе мерка - одземање на дозволата.

Согласно член 82 став 1 алинеи 2 и 5 од ЗАВМУ, Агенцијата ќе ја одземе дозволата за телевизиско емитување, пред истекот на рокот за којшто е издадена и ќе го избрише радиодифузерот од регистарот на радиодифузери, по претходно доставено писмено известување, доколку имателот на дозволата престанал со емитување на програмскиот сервис повеќе од 30 дена поради технички, финансиски или други причини (член 82 став 1 алинеја 2), како и доколку по издавањето на дозволата ќе настанат околности што претставуваат законски пречки за имателот на дозволата да ја врши дејноста (член 82 став 1 алинеја 5).

Постапката за одземање на дозволата за телевизиско или радио емитување, согласно член 83 став 1 од ЗАВМУ ја покренува Советот по предлог на директорот на Агенцијата.

Со оглед на утврдената фактичка состојба, директорот на Агенцијата, врз основа на член 83 ставови 1 и 2 од ЗАВМУ, а во врска со член 82 став 1 алинеи 2 и 5 од истиот закон, до Советот на Агенцијата достави Предлог Уп1 бр.08-20 од

20.01.2026 г. за покренување постапка за одземање на дозволата на РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп.

Во врска со напред цитираниот Предлог, согласно кој радиодифузерот не ги исполнил минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (член 62 став 6 од ЗАВМУ и член 21 од истиот Правилник) и престанал со емитување на програмскиот сервис повеќе од 30 дена поради технички, финансиски или други причини (член 82 став 1 алинеја 5 од ЗАВМУ), Советот на Агенцијата на 3. седница одржана на 21.1.2026 г., согласно Заклучокот, арх.бр.02-253/2 од 21.01.2026 г., покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп.

Агенцијата, согласно член 82 став 1 од ЗАВМУ на РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп му испрати Известување (Уп1 бр.08-20 од 22.01.2026 г.), дека врз основа на член 83 став 3 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата во врска со покренатата постапка за одземање на дозволата, за наведеното прекршување на ЗАВМУ и цитираниот Правилник, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука.

Известувањето Уп1 бр.08-20 од 22.01.2026 г., беше доставено во писмена форма до РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп и до овластениот стечаен управник - Емилија Котеска. Во Агенцијата се доставени повратници од Македонска пошта дека дописите биле уредно примени на 26.01.2026 година. Воедно, известувањето на 26.01.2026 г. беше испратено во електронска форма на овластениот стечаен управник, која истиот ден испрати потврда дека известувањето е примено од нејзина страна.

Во меѓу време, на 28.01.2026 г., во „Службен весник на РСМ" бр.15/26 беше објавено дека Основниот суд во Прилеп по спроведената претходна постапка и одржаното рочиште во присуство на привремениот стечаен управник Емилија Котеска, со Решение Ст.бр.125/2025 од 26.12.2025 г., отворил стечајна постапка спрема должникот РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп. Отворената стечајна постапка над должникот не се спроведува и се заклучува. Во решението е утврдено, Централниот регистар по правосилноста на ова решение да го брише должникот од трговскиот регистар.

Во согласност со член 83 став 3 од ЗАВМУ, Советот е должен во рок од 15 дена од денот на приемот на предлогот на директорот за покренување постапка за одземање на дозволата, да донесе одлука со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Советот.

По доставеното Известување за покренување на постапка за одземање на дозволата, Уп1 бр.08-20 од 22.01.2026 г., а со цел Агенцијата да провери дали РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во напред цитираниот правилник, преку ССПЗАП изврши контролен, административен надзор на работењето на РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп. Во Писмениот извештај за извршен контролен административен надзор, арх.бр.03-359/1 од 29.01.2026 г., наведено е дека на 29.1.2026 г., Агенцијата обезбедила најнови податоци од АВРСМ според кои бројот на вработени во гореспоменатото правно лице на 16.01.2026 година изнесува 1, а на 29.01.2026 година изнесува 1. Имајќи го предвид наведеното, констатирано е дека радиодифузерот не ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот и предложено е Советот да донесе одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп.

Во однос на тоа дали радиодифузерот отпочнал со емитување на телевизиска програма, СИПОР на 29.01.2026 г. извршил контролен административен надзор и до директорот на Агенцијата доставил Писмен извештај за извршен административен надзор, наш арх.бр.03-364/1 од 29.01.2026 г. Во извештајот е наведено дека при извршениот контролен надзор на работењето на радиодифузерот

било констатирано дека истиот не емитува програма и предложено е директорот на Агенцијата да достави предлог до Советот за одземање на дозволата за телевизиско емитување на РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп.

Оттука, со оглед на фактот дека РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп и во рокот од 15 (петнаесет) дена, од денот на приемот на Предлогот Уп1 бр.08-20 од 20.01.2026 г., од страна на членовите на Советот на Агенцијата, не ја исполнил обврската предвидена во член 62 став 6 од ЗАВМУ и член 21 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување и престанал со емитување на програмскиот сервис повеќе од 30 дена поради технички, финансиски или други причини (член 82 став 1 алинеја 2 од ЗАВМУ), директорот на Агенцијата, достави Предлог Уп1 бр.08-43 од 2.2.2026 г. за одземање на дозволата за телевизиско емитување на наведениот радиодифузер.

Советот на Агенцијата врз основа на член 82 став 1 алинеи 2 и 5 и член 83 став 3 од ЗАВМУ, постапувајќи го Предлогот Уп1 бр.08-43 од 2.2.2026 г. и Писмените извештаи за извршен контролен административен надзор, арх.бр.03-359/1 од 29.01.2026 г. и арх.бр.03-364/1 од 29.01.2026 г., а согласно Заклучокот на Агенцијата, арх.бр.02-418/5 од 3.2.2026 г., донесе Одлука со која се одзема дозволата Уп1 бр.08-141 од 18.03.2019 г. за телевизиско емитување на РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп.

Согласно член 84 од ЗАВМУ, Одлуката за одземање на дозволата за телевизиско емитување е конечна, а против истата имателот на дозволата има право да поднесе тужба за поведување управен спор пред надлежниот суд во рок од 30 дена од денот на нејзиниот прием. Постапката пред надлежниот суд е итна.

Врз основа на погоре наведеното се донесе Одлука како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Заменик на претседателот на Советот,**

**м-р Зирјета Јаjага**

**Правна поука:** Против оваа одлука за одземање на дозволата, РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, има право да поднесе тужба за поведување управен спор пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на нејзиниот прием.

**Доставено до:**
- РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп;
- Управителот на РТД ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп;
- привремен стечаен управник Емилија Котеска;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи - Архива;
- Назначените лица во Агенцијата за водење на Уписникот Уп1 и
- Агенцијата за електронски комуникации на Република Северна Македонија.